# СОВЕТИ ЗА ПРАВИЛНО ВОСПИТУВАЊЕ НА ДЕТЕТО (Елена Вајт)

Домот е место каде што треба да започне воспитувањето на детето и тој претставува негова прва школа. Крај своите родители како инструктори, детето треба да ги научи лекциите кои ќе го водат низ целиот негов живот – лекции за почит, послушност, стравопочит и самоконтрола. Воспитните влијанија во домот претставуваат сила која ќе го води детето да се определи за добро или за зло. Во многу случаи тие влијанија дејствуваат тивко и постепено, но доколку се добро насочени, тие стануваат далекусежна сила за вистината и праведноста. Доколку детето во домот не е правилно насочено, сатаната ќе го воспита преку средства кои самиот тој ќе ги одбере. Колку е тогаш важно домашното воспитување!

Врз сите родители почива обврската на своето дете да му дадат поуки во телесен, интелектуален и духовен поглед. Основна цел на секој родител треба да биде на своето дете да му обезбеди развој на добро урамнотежен, хармоничен карактер. Ова е задача која има голема важност – работа, која бара сесрдно размислување и молитва, како и трпеливо и истрајно вложување на неуморни напори. Мора да се постави добар и здрав темел, да се подигне силен и цврст скелет; и тогаш од ден на ден да се продолжи со делото на изградување, дотерување и усовршување на градбата.

Родители, запаметете дека вашиот дом е воспитна школа во која вашите деца треба да се подготват за небесниот дом. Попрво лишете ги од сè друго, само не од воспитувањето што тие треба да го примат од најмали нозе. Не упатувајте им ниту еден раздразлив збор. Учете ги вашите деца да бидат љубезни и трпеливи. Учете ги да имаат обѕир кон другите. На тој начин вие ги подготвувате за повозвишена служба во нештата поврзани со верата. Домот треба да биде подготвителна школа каде што децата и младите ќе се подготват да му служат на Учителот, приготвувалиште за повозвишената школа во Божјето царство.

Домашното воспитување не треба да се смета за нешто што е од второстепена важност. Тоа го зазема првото место во секое вистинско образование. На татковците и мајките им е доверено обликувањето на умот на своите деца. Колку е потресна поговорката: „Каде е свиткано гранчето, кон таму е наклонето и дрвото." Истата треба да биде употребена во воспитувањето на нашите деца. Родители, дали ќе запаметите дека вам ви е доверена света обврска вашите деца да ги воспитувате уште од нивните најрани години? За да можат да бидат пресадени во Господовата градина, тие млади дрвја треба да бидат нежно воспитани. Домашното воспитување

во никој случај не треба да биде занемарено. Оние, што го прават тоа, занемаруваат една религиозна должност.